Makedonijo
Skopje
Tel 51

СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф...

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 13 јули 1972
БЕЛГРАД
БРОЈ 36 ГОД. XXVIII

Цена на овој број е 6 динари. — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-835; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651 671.

358.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за девизно работење, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 28 јуни 1972 година и на седницата на Стопанскиот собор од 28 јуни 1972 година.

ПР бр. 68
29 јуни 1972 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

ЗАКОН
ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Плаќањето и наплатувањето при работењето со странство, купувањето и продажбата на девизи и здобивањето и располагањето со девизи се вршат според одредбите од овој закон.

Член 2

Плаќањето и наплатувањето во работењето со странство се вршат со девизи или со динари.

Плаќањето и наплатувањето во работењето со земјите со кои е склучен платен или друг меѓународен договор, се вршат на начин предвиден со тој договор. Народната банка на Југославија може да одреди поинаков начин на плаќање и наплатување, ако таквиот начин на плаќање и наплатување не е исклучен со тој договор.

Член 3

Здобивањето со девизи се врши со работење со странство, со остварување други односи со странство и со купување за динари кај овластените банки.

Член 4

Со средствата кои, согласно важечките прописи, се остварени со работењето со странство, со остварување други односи со странство и со купување кај овластените банки, може слободно да се располага.

Ограничувања во поглед на користењето и располагањето со средствата остварени на начинот од став 1 на овој член, можат да се воведат само со сојузен закон и со пропис донесен врз основа на сојузен закон.

Член 5

Остварените или купените девизи домашните лица можат да ги држат на девизни сметки кај овластените банки, да ги користат за плаќање во странство, во согласност со сојузен закон, или да ѝ ги продадат на овластената банка.

За одредени категории девизни сметки од став 1 на овој член Сојузниот извршен совет може да одреди рокови до кои девизите можат да се држат на тие сметки кај овластените банки.

Одредбата од став 2 на овој член не се однесува на девизните сметки и девизните штедни влогови на граѓаните.

Член 6

Плаќањето и наплатувањето во работењето со странство се врши преку банките овластени за работи со странство и преку Народната банка на Југославија, ако со овој закон односно со пропис донесен врз основа на сојузен закон не е одредено поинаку.

Член 7

Домашно лице ги избира овластените банки преку кои врши плаќања и наплатувања во работењето со странство и кај кои ќе има девизни сметки.

Член 8

Купувањето и продажбата на девизи се врши на девизниот пазар, ако со овој закон односно со пропис донесен врз основа на сојузен закон не е одредено поинаку.

Купувањето и продажбата на девизи на девизниот пазар ги вршат овластените банки во свое име и за своја сметка и во свое име а за туѓа сметка и Народната банка на Југославија.

Член 9

Девизите од член 5 на овој закон што се држат на девизни сметки кај овластените банки не можат да се орочуваат, да се отстапуваат или да се здружуваат, ако со овој закон односно со пропис донесен врз основа на соојузен закон не е одредено поинаку.

Член 10

Купопродажба на девизи и отстапување на право на девизи помеѓу домашни лица и помеѓу домашни и странски лица во Југославија не се дозволени, ако со овој закон или со пропис донесен врз основа на сојузен закон не е одредено поинаку.

Како купопродажба на девизи, во смисла на став 1 од овој член, се смета и плаќањето на увезени

стоки и услуги за потребите на домашно лице со девизи од друго домашно лице.

Член 11

Девизите што ќе ги остварат со извоз на стоки и услуги или по некој друг основ, домашните лица се должни да ги внесат во земјата, ако со овој закон односно со пропис донесен врз основа на сојузен закон не е одредено поинаку.

Член 12

Во прометот на стоки и услуги на територијата на Југославија помеѓу домашни лица и помеѓу граѓани и странски лица е забрането плаќање и наплатување во девизи или во злато, како и склучување работи со кои се одредува дека динарската вредност на договорната обврска ќе се пресмета врз основа на цената на златото или на курсот на динарот во времето на плаќањето, ако со овој закон или со пропис донесен врз основа на него не е одредено поинаку.

Одредбите на правна работа противни на забраната од став 1 на овој член се неважечки.

Член 13

Внесувањето на девизи во Југославија е слободно.

Изнесувањето на девизи од Југославија се врши под условите одредени со овој закон односно со пропис донесен врз основа на сојузен закон.

Член 14

Прописот за внесување динари во Југославија и за изнесување динари од Југославија го донесува Народната банка на Југославија.

Член 15

Паритетот на динарот во однос на златото го утврдува Сојузниот извршен совет, врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи.

Курсот на динарот се формира на девизниот пазар според понудата и побарувачката на девизи, во рамките одредени со прописот за паритетот на динарот.

Сојузниот извршен совет презема мерки за одржување на реалниот курс на динарот.

Со прописот за паритетот на динарот се одредува начинот на следењето и одржувањето на реалниот курс на динарот.

Член 16

Како домашни лица, во смисла на овој закон, се подразбираат организациите на здружениот труд, општествено-политичките заедници и нивните органи и организации, општествено-политичките и други организации, здруженијата на граѓани и другите правни лица, како и поединци со живеалиште во Југославија.

Член 17

Како организации на здружениот труд, во смисла на овој закон, се подразбираат претпријатијата, организациите на деловното здружување, установите, задругите и основните организации на здружениот труд чие својство на правно лице е запишано во регистарот на организациите на здружениот труд, освен овластените банки.

Член 18

Како овластена банка, во смисла на овој закон, се подразбира банката што од Народната банка на Југославија ќе добие овластување за вршење платен промет и кредитни работи со странство (банка овластена за работи со странство) и банката што од народната банка на републиката односно од народната банка на автономната покраина ќе добие овластување за вршење девизно-валутни работи во Југославија (банка овластена за девизни работи во земјата).

Член 19

Како девизи, во смисла на овој закон, се подразбираат побарувањата во странство по кој и да е основ и во која и да е валута, без оглед на начинот на располагањето.

Како девизи се подразбираат и сите видови ефективни странски пари, освен ковани златни пари.

II. ДЕВИЗЕН ПАЗАР

Член 20

Девизен пазар е меѓубанкарска институција на која како купувач и продавач на девизи се појавуваат овластените банки и Народната банка на Југославија.

На девизниот пазар се врши купување и продажба на девизи од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања.

Сојузниот извршен совет одредува под кои услови предмет на купување и на продажба на девизниот пазар можат да бидат девизи што не се значајни за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања, како и начинот на утврдување на курсевите за таквите девизи.

На девизниот пазар се изнесува само оној дел од вкупната дневна купувачка или продажба на девизи по сите основи, што овластените банки не можеле да го извршат по налозите за купување и продажба на девизи кај секоја од нив поединечно.

На девизниот пазар банките овластени за работи со странство купуваат и продаваат девизи во свое име и за сметка на домашни лица или во свое име и за своја сметка.

На девизниот пазар можат да се купуваат и да се продаваат девизи промптно или на термин.

Член 21

Купувањето и продажбата на девизи кај овластените банки се врши по дневниот курс постигнат на девизниот пазар.

Член 22

Народната банка на Југославија купува и продава девизи на девизниот пазар заради одржување на движењето на курсот на динарот, во согласност со утврдената политика и со важечките прописи, како и за потребите на постојаните и тековните девизни резерви.

Народната банка на Југославија врши интервенции на девизниот пазар за износите на девизи чија понуда не е покриена со побарувачка односно чија побарувачка нема понуда.

Член 23

Народната банка на Југославија, во согласност со Сојузниот извршен совет, донесува правилник за организацијата и работењето на девизниот пазар.

Согласноста на правилникот од став 1 на овој член Сојузниот извршен совет ја дава врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи.

III. ПЛАЌАЊЕ И НАПЛАТУВАЊЕ ВО РАБОТЕЊЕТО СО СТРАНСТВО

1. Општи одредби

Член 24

Домашните лица се должни да ги наплатат извезените стоки и извршените услуги во рок од 60 дена од денот кога се извезени стоките односно кога е извршена услугата. Како ден на извозот се смета денот кога е извршено царинење на стоките.

Побарувањата по други основи, организациите на здружениот труд се должни да ги наплатат во рок од 60 дена од денот на втасаноста на побарувањето.

Организациите на здружениот труд се должни да ги наплатат извезените стоки и извршените услуги на кредит во рокот предвиден со договорот.

Член 25

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, согласно со општите услови што ќе ги одреди Народната банка на Југославија, можат да ги продолжат роковите од член 24 на овој закон.

Против решението на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина, донесено во смисла на став 1 на овој член, може да се поднесе жалба до Народната банка на Југославија.

Член 26

Народната банка на Југослваија, кога работењето со странство го бара тоа, може да ѝ даде одобрение на организација на здружениот труд девизите потребни за тоа работење да ги држи на сметките во странство, под услови што ќе ги одреди Народната банка на Југославија.

Организациите на здружениот труд се должни на Народната банка на Југославија да ѝ доставуваат извештаи за прометот и за состојбата на средствата на сметките во странство, како и други податоци во врска со работењето со странство, на начин и во рокови што ќе ги одреди Народната банка на Југославија.

Член 27

Плаќањето на стоките и услугите што ги увезуваат, организациите на здружениот труд го вршат без ограничувања.

По исклучок од одредбата на став 1 на овој член, ако заради обезбедување развојот на стопанството во согласност со утврдената економска политика и заради урамнотежување на платниот биланс, увозот и извозот на стоки и услуги се регулираат со сојузен пропис, плаќањето на таквите стоки и услуги се врши според одредбите од овој закон за начинот на плаќањето на такви стоки односно услуги.

Член 28

Плаќањето на стоки и услуги чиј увоз е регулиран со сојузни прописи со одредување на стоковен контингент, на девизен контингент, со издавање увозна дозвола или со давање согласност за увоз, организациите на здружениот труд го вршат со девизите што ги држат на девизна сметка и со девизите купени од овластената банка, а врз основа на утврденото право на тој увоз.

Сојузниот извршен совет може да одреди дел од увозот на стоки и услуги од став 1 на овој член да се врши слободно, со плаќање во одреден вид валута.

Член 29

Платените стоки мораат да се увезат во рок од 90 дена од денот кога банката, овластена за работи со странство, ќе го изврши налогот за плаќање. Како ден на увозот се смета денот кога е извршено царинење на стоките.

Член 30

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, согласно со општите услови што ќе ги одреди Народната банка на Југославија, можат да го продолжат рокот од член 29 на овој закон.

Против решението на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина, донесено во смисла на став 1 на овој член, може да се поднесе жалба до Народната банка на Југославија.

Член 31

Разликите во вредностите настанати во работењето со странство поради превозни ризици, бонификации, платени пенали, рабати, исправка на вредноста и др., организациите на здружениот труд ги правдаат со документација.

Начинот и постапката за правдање на разликите (став 1) ги пропишува сојузниот секретар за финансии, во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија.

Член 32

Организациите на здружениот труд што вршат услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет, ги наплатуваат своите услуги од домашни лица во динари и кога тие услуги ги вршат во странство.

Член 33

Услугите во меѓународниот стоковен промет што ги вршат странски лица, организациите на здружениот труд можат да ги плаќаат со девизи купени од овластената банка, под услови што ќе ги одреди Сојузниот извршен совет.

Член 34

Плаќањето и наплатувањето во врска со увозот и извозот на стоки и услуги во малограничиот и соседскиот прекуморски промет и со меѓународните саемски компензациони договори, се регулираат со прописите што ги донесува Сојузниот извршен совет, врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи, а во согласност со овој закон и со склучените меѓународни договори за таквиот промет.

Член 35

Странско лице може да се здобива со динарски побарувања на сметката кај овластената банка со купување динари за девизи, со продажба на стоки и услуги на домашно лице со наплата во динари, и по други основи.

Динарските побарувања здобиени според став 1 на овој член, странско лице може да ги употреби за одредени плаќања во Југославија и за трансфер во странство.

Домашни лица, врз основа на динарите наплатени од странски лица според став 2 на овој член, можат да ги остваруваат правата што според одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на сојузен закон ги имаат од наплатите во девизи.

Уловите и начинот за остварување на правата од овој член ги пропишува Сојузниот извршен совет, врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи.

2. Посебни привремени мерки

Член 36

Додека не се стекнат објективни услови за остварување поширока либерализација на економските односи со странство, со одредбите од чл. 37 до 61 на овој закон се пропишуваат посебни мерки во поглед на здобивањето и користењето на девизите во плаќањата со странство.

Сојузниот извршен совет донесува прописи за извршување на одредбите од чл. 37 до 39, член 41, чл. 44 до 49, чл. 53 до 56 и член 61 на овој закон.

Прописите за извршување на одредбите од чл. 38, 39, 41, 44, 45, 47, 48, 49, 53, 55, 56, 59 и 61 на овој закон Сојузниот извршен совет ги донесува врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи.

Член 37

Стоките и услугите, освен опремата и резервните делови за инвестиционо одржување, што ги увезуваат за потребите на сопственото производство, а чиј увоз со сојузни прописи е регулиран со одредување глобална девизна квота, организациите на здружениот труд ги плаќаат со девизи што ги држат на девизна сметка и со девизи купени кај овластената банка, врз основа на утврденото право на тој увоз.

Одредбата од став 1 на овој член се применува и врз организациите на здружениот труд што суровините и другите репродукциони материјали, чиј увоз е регулиран со одредување глобална девизна квота, ги увезуваат во одреден однос спрема остварениот извоз, а за стоките што ги увезуваат по основ на стоковен контингент, девизен контингент или дозвола — само во рамките на количините и износите што им се утврдени.

Опремата и резервните делови за инвестиционо одржување, што ги увезуваат за сопствени потреби, а чиј увоз со сојузни прописи е регулиран со одредување глобална девизна квота или врз основа на дозвола, организациите на здружениот труд ги плаќаат со девизите од чл. 39, 41 и 57 на овој закон.

Со прописот од член 36 на овој закон може да се одреди дел од увозот на стоки и услуги од став 1 на овој член да се врши слободно, со плаќање во одреден вид валута.

Член 38

Производителските организации на здружениот труд што извезуваат претежен дел од своето производство, суровините и другите репродукциони материјали што ги увезуваат за потребите на сопственото производство, до износот на девизите остварени со извозот на стоки, можат да ги плаќаат слободно, а стоките што ги увезуваат по основ на стоковен контингент, девизен контингент или дозвола — само во рамките на количините и износите што им се утврдени.

Со прописот од член 36 на овој закон ќе се одредат мерилата врз основа на кои се утврдува кои производителски организации на здружениот труд се сметаат како организации што извезуваат претежен дел од своето производство (претежни извозници) и условите што тие организации мораат да ги исполнуваат за да можат да вршат плаќање според став 1 на овој член.

Производителските основни организации на здружениот труд што по основот на сопствен извоз се здобиле со статус на претежен извозник, девизите од став 1 на овој член можат да ги користат само за потребите на сопственото производство.

Член 39

Од девизите што ќе ги остварат со извоз на стоки и услуги, за непосредни потреби на своето работење организациите на здружениот труд можат да користат дел одреден со прописот од член 36 на овој закон и со него можат:

1) да плаќаат стоки што се увезуваат;

2) да плаќаат патенти, лиценци и други права на индустриска сопственост;

3) да ги отплатуваат кредитите земени во странство;

4) да даваат кредити во странство;

5) да вложуваат заради основање претпријатија во странство и учествување во странски претпријатија;

6) да вршат трансфер на добивката и враќање на вредноста на вложените средства врз основа на договорот за вложување средства на странски лица во домашна организација за заедничко работење;

7) да плаќаат услуги и други трошоци на работењето во странство;

8) да га користат и за други намени утврдени со пропис на Сојузниот извршен Совет.

Со девизите од став 1 на овој член организациите на здружениот труд може да ги плаќа стоките што се увезуваат по основ на стоковен контингент, девизен контингент или дозвола, само во рамките на количините и износите што ѝ се утврдени.

Со девизите од став 1 на овој член организациите на здружениот труд не може да ги плаќа стоките и услугите што ги увезува заради продажба, освен ако со прописот од член 36 на овој закон не е одредено поинаку.

Со прописот од член 36 на овој закон може да се одреди како остварени девизи, во смисла на став 1 од овој член, да се подразбира и целата или делумната вредност на опремата извезена на кредит. Со ова право организацијата на здружениот труд се здобива со денот на царинењето на извезената опрема.

За организациите на здружениот труд што вршат услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет односно што вршат услуги на странски туризам, наплатата на овие услуги извршена во динари се зема во целост односно во одреден износ како основица за пресметување на делот на девизите од став 1 на овој член. Оваа основица се одредува со прописот од член 36 на овој закон.

Девизите од ст. 1 до 5 на овој член организациите на здружениот труд, во извршувањето на договорите за долгорочна производствена кооперација или на договорите за долгорочна деловно-техничка соработка, можат меѓусебно да ги отстапуваат или здружуваат заради користење за намените што се предмет на тие договори.

Член 40

Делот од девизите на кој имаат право според член 39 од овој закон организациите на здружениот труд се должни да го утврдат со овластената банка во рок од 60 дена од денот на остварената наплата.

Организациите на здружениот труд што правото на делот од девизите од член 39 на овој закон не ќе го искористат во една година за купување девизи, тоа право можат да го користат во наредните години.

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, согласно со општите услови што ќе ги одреди Народната банка на Југославија, можат да го продолжат рокот од став 1 на овој член. Против решението на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина може да се поднесе жалба до Народната банка на Југославија.

Член 41

За плаќање на опремата и резервните делови за инвестиционо одржување што ги увезуваат за сопствени потреби, организациите на здружениот труд можат да користат девизи во височината на противвредноста на делот од средствата на амортизацијата на опремата утврден со пропис од член 36 на овој закон.

За плаќање на увозот во рамките на така утврдениот дел на амортизацијата на опремата, организациите на здружениот труд можат да употребат девизи:

1) купени од овластените банки за динари;

2) стечени со извоз на стоки и услуги и по друг основ;

3) остварени со наплата на побарувањата од кредитите одобрени на странство;

4) стечени со наплата на приходите од вложените средства во претпријатијата во странство, како и со враќање на вложените средства во странство;

5) стечени од купување и продажба на странски хартии од вредност и од приходи од странски хартии од вредност.

Со девизите од став 1 на овој член организациите на здружениот труд можат да ги плаќаат стоките од тој став што се увезуваат по основ на стоковен контингент, девизен контингент или дозвола — само во рамките на количините и износите што им се утврдени.

Девизите од став 1 на овој член организациите на здружениот труд, во извршувањето на договорите за долгорочна производствена кооперација или на договорите за долгорочна деловно-техничка соработка, можат меѓусебно да ги отстапуваат или здружуваат заради користење за намените што се предмет на тие договори.

Девизите од став 1 на овој член организациите на здружениот труд можат да ги користат за враќање на вредноста на вложените средства на странски лица во домашна организација врз основа на договор за заедничко вложување.

Девизите од став 1 на овој член на организациите на здружениот труд можат да им служат како основа за задолжување во странство по увозот на опрема и резервни делови на кредит за инвестиционо одржување, како и за отплатување на тие кредити.

Организациите на здружениот труд што правото за купување девизи по основ на амортизација во една година не ќе го искористат за плаќање на опремата и резервните делови за инвестиционо одржување што ги увезуваат, тоа право можат да го користат во наредните години .

Член 42

Организациите на здружениот труд, во границите на глобалната девизна квота, на стоковниот контингент и на девизниот контингент, на увозната дозвола односно на согласноста можат да вршат плаќања само за стоките и услугите што ги увезуваат за потребите на сопственото производство односно за вршење на својата дејност.

Во границите од став 1 на овој член, организациите на здружениот труд можат да вршат плаќање и за стоките и услугите што ги увезуваат заради извршување на договорите за меѓусебна долгорочна производствена кооперација и на договорите за долгорочна деловна-техничка соработка.

Член 43

Производите што врз основа на договорите за долгорочна производствена кооперација со странство ќе ги увезат производителските организации на здружениот труд, тие организации можат да ги плаќаат до износот на девизите остварени со извозот на производите по тој договор, со тоа што плаќањето на стоките за кои е пропишан увоз врз основа на стоковен контингент, девизен контингент или дозвола, да можат да го вршат без ограничување, ако за тој увоз добијат согласност од Сојузниот секретаријат за стопанство. Оваа согласност се дава при одобрувањето на договорот за долгорочна призводствена кооперација и важи за сето време на траењето на договорот.

Ако со договорот за долгорочна производствена кооперација од став 1 на овој член е предвидена поделба на програмата на производството (специјализација и на испораките на готовите производи од една технолошка групација од истородно производство, а кои можат да се увезуваат само во рамките на стоковниот контингент, на девизниот контингент или на дозволата, домашниот производител може да врши плаќање на увозот на тие производи само врз основа на утврденото право на тој увоз.

Во рамките на девизниот прилив остварен врз основа на договорот за долгорочна производствена кооперација со странство се стекнуваат и правата кои според одредбите од овој закон се стекнуваат по основ на редовен извоз.

Член 44

Девизите за вршење инвестициони работи во странство организациите на здружениот труд ги држат на сметките кај овластените банки во Југославија, а можат да ги држат и на сметки кај странски банки врз основа на посебно одобрение од Народната банка на Југославија.

Остварената добивка во девизи по секоја работа, организациите на здружениот труд што изведуваат инвестициони работи во странство се должни да ја внесат во Југославија во рок од 90 дена од денот кога е завршена работата. Народната банка на Југославија во оправдани случаи може да го продолжи овој рок.

Располагањето со девизи во текот на изведувањето на инвестиционите работи, пресметувањето на трошоците на работењето и утврдувањето на добивката од тие работи, се вршат согласно со прописот од член 36 на овој закон.

Член 45

Организациите на здружениот труд регистрирани за работите на посредување во надворешнотрговскиот промет вршат плаќање и наплатување во тоа работење под условите и на начинот утврдени со прописот од член 36 на овој закон.

Член 46

Девизите што ќе ги остварат организациите на здружениот труд што се занимаваат со работи на преработка, доработка односно обработка на стоки од странска сопственост, во поглед на здобивањето со правата според одредбите од овој закон и прописите од член 36 на овој закон, се сметаат како девизи остварени со редовен извоз на стоки или услуги.

Член 47

Организациите на здружениот труд што се занимаваат со вршење услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет ги вршат плаќањата на репродукциониот материјал, на резервните делови што служат за тековно одржување за сопствени потреби и на одредени трошоци на работењето во странство, под условите и на начинот утврдени со прописот од член 36 на овој закон.

Член 48

Плаќањето на стоки со девизи во Југославија може да се врши само врз основа на прописот од член 36 на овој закон. Со тој пропис се утврдува и начинот на располагањето со девизи остварени со продажбата на стоки во Југославија.

Член 49

Осигурителните организации со домашни лица можат да склучуваат договори за осигурување со наплата на премија во девизи односно со обврска штетата да ја надоместат во девизи, во случаите и под условите утврдени со прописот донесен врз основа на член 36 на овој закон.

Исплатата на штетата од став 1 на овој член и на соодветните трошоци осигурителната организација ја врши со девизите од својата девизна сметка и со девизите што ќе ги купи од овластената банка, согласно прописот од член 36 на овој закон.

Со девизите од надоместокот остварен според став 2 на овој член, домашни лица можат да плаќаат само стоки и услуги по основ на кои го оствариле надоместокот. Плаќањето на овие стоки и услуги може да се врши слободно и ако увозот на тие стоки односно услуги е регулиран.

Член 50

Девизите внесени во Југославија врз основа на договорот за вложување средства во домашна организација на здружениот труд можат да се користат за плаќање на стоките согласно чл. 27 и 28 на овој

закон, да се држат на девизна сметка кај овластената банка, да се орочат да ѝ се продадат на овластената банка.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, плаќањето на опремата чиј увоз е регулиран со утврдување стоковен контингент, девизен контингент или со давање дозвола, може да се врши со девизите од тој став само врз основа на согласноста што за увоз на таква опрема ја дава Сојузниот секретаријат за стопанство, во спогодба со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, а плаќањето на увозот на суровини и репродукциони материјали чиј увоз е регулиран, може да се врши врз основа на согласноста што ја дава Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на предлог од Сојузниот секретаријат за стопанство.

Член 51

Делот од доходот (добивката) што странски лица со заедничко работење со домашни организации на здружениот труд ќе го остварат во согласност со важечките прописи, може слободно да се трансферира во странство до височината на една третина од девизниот прилив остварен со извозот на производите и услугите од тоа работење, и тоа во оној вид девизи во кои е остварен девизниот прилив.

Ако со договорот за вложување средства за заедничко работење, согласно со сојузниот закон е предвидено правото на странскиот содоговарач на враќање на вредноста на вложените средства, и тие средства можат да се трансферираат од средствата на една третина од девизниот прилив од став 1 на овој член.

Неискористените средства до една третина на девизниот прилив во една година, можат да се користат за целите од ст. 1 и 2 на овој член и во наредните години.

Член 52

За основање претпријатија во странство и за учествување со средства во странски претпријатија, организациите на здружениот труд и банките овластени за работи со странство можат да ги користат девизите прибавени по пат на кредити во странство, добивката во девизи остварена во претпријатијата во странство и девизите од чл. 39 и 84 на овој закон, како и стоките, средствата за работа и другите средства и права, согласно со сојузен закон.

Добивката што ќе ја оствари врз основа на распределба во претпријатие во странство, организацијата на здружениот труд може да ја користи во странство, согласно со сојузен закон.

Добивката од став 2 на овој член што ќе ја внесе во Југославија, организацијата на здружениот труд може да ја користи и за плаќањата според член 39 на овој закон.

Член 53

Сојузниот извршен совет одредува што се смета како долгорочна производствена кооперација и долгорочна деловнотехничка соработка во смисла на чл. 39, 41 и 42 од овој закон и како долгорочна производствена кооперација во смисла на член 43 од овој закон.

Член 54

Со прописот од член 36 на овој закон спрема одделни земји и подрачја во кои постојат посебни услови за размена, согласно со важечките трговски и платни договори и дадените насоки, можат да се одредат посебен начин и посебни услови за пресметување во надворешнотрговската размена со тие земји односно подрачја.

Член 55

Трошоците за деловни патувања и реклами во странство, како и таксите и давачките во врска со работењето во странство, организациите на здружениот труд можат да ги плаќаат и со купување девизи од овластената банка, под условите утврдени со прописот од член 36 на овој закон.

Член 56

Со прописот од член 36 на овој закон може да се одреди за сите подрачја или за сите организации на здружениот труд, односно за одделни подрачја или за одделни видови или одделни дејности на организациите на здружениот труд, трошоците на претставништвата и на делегатите во странство да се плаќаат и со девизи купени од овластената банка.

Одредбата на став 1 од овој член се применува врз организациите на здружениот труд што извезуваат стоки односно чии стоки и услуги се извезуваат.

Член 57

Организациите на здружениот труд, заради плаќање на опремата и на резервните делови за инвестиционо одржување што ги увезуваат за сопствени потреби, можат да прибавуваат девизи со издавање обврзници што се запишуваат и се уплатуваат во девизи.

Девизите прибавени со издавање обврзници, организациите на здружениот труд можат да ги користат во согласност со важечките прописи.

Обврзниците од став 1 на овој член, по кои обврската за отплатување ја презеле во девизи, организациите на здружениот труд ги отплатуваат со девизите што им припаѓаат според чл. 39 и 41 на овој закон и со девизите што ќе ги купат од овластената банка, според прописите донесени врз основа на сојузен закон.

Член 58

Износите на девизите за потребите на федерацијата, на републиките и на автономните покраини ги утврдува за одделна година Сојузната скупштина со своја одлука.

Девизите од став 1 на овој член се користат за нестоковни и стоковни плаќања на општествено-политичките заедници и на нивните органи и организации, установи, општествени организации и граѓански правни лица.

Повеќегодишни обврски што се извршуваат во девизи, корисниците на девизите од став 2 на овој член можат да преземат само со претходна согласност од Сојузната скупштина, односно од надлежниот орган на републиката и на автономната покраина.

Износите на девизите за плаќање на увозот на опрема за посебни намени се утврдуваат со сојузен закон.

Член 59

На Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и Автономна Покраина Косово ќе му се обезбедат соодветни девизни квоти за купување девизи кај овластената банка за покритие на готовинските плаќања по основ на увоз на опрема и користење странски инвестициони кредити за одредени потреби што произлегуваат од одобрените инвестициони кредити од страна на тој фонд. Оваа девизна квота ја утврдува Сојузниот извршен совет.

Заради зајакнување на стопанската и образовната активност на подрачјата од кои се отидени работници на привремена работа во странство, на републиките и автономните покраини им се утврдува девизна квота од откупените девизни дознаки на работниците и иселениците од тие подрачја. Височината на оваа квота ја утврдува Сојузниот извршен совет со посебна одлука.

Девизите од став 2 на овој член можат да се користат согласно со одредбите на член 41 на овој закон.

Член 60

Износот на девизите, утврден за одделна година, за потребите на федерацијата, го распоредува Сојузниот извршен совет за нестоковни и стоковни плаќања на сојузните органи, на одредени органи на општествените организации што својата дејност ја вршат на територијата на цела Југославија, на установи и на граѓански правни лица, и за намирување на другите потреби на федерацијата.

Член 61

Девизите што ќе ги остварат со своја дејност или по некој друг основ општествено-политичките заедници и нивните органи и организации не можат да ги користат за намирување на своите потреби, ако со сојузен закон не е одредено поинаку.

Општествените организации, здруженијата на граѓани и граѓански правни лица остварените девизи можат да ги држат на девизна сметка кај овластената банка, да ги користат за сопствени потреби во согласност со овој закон и со прописот од член 36 на овој закон, или да ѝ ги продадат на овластената банка.

На општествените организации, на установите и на граѓанските правни лица што со своето работење или по друг основ ќе остварат девизи со кои според овој закон, слободно располагаат а тие девизи не им се доволни за извршување на нивните задачи, општествено-политичката заедница од средствата од член 58 на овој закон може да им обезбеди девизи до износот што им недостига.

IV. ИЗНЕСУВАЊЕ И ВНЕСУВАЊЕ НА ДЕВИЗИ И НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 62

Странци и југословенски граѓани на привремена работа во странство, при излегување од Југославија, можат да ги изнесат девизите што ги внеле во Југославија и други девизи со кои слободно располагаат во Југославија, според одредбите од овој закон.

Динарите со кои во Југославија располагаат странци и југословенски граѓани на привремена работа во странство, а кои произлегуваат од девизи продадени на овластена банка или на менувач, можат да се употребат за купување ист вид девизи заради трансфер во странство.

Член 63

Домашни и странски вложни книшки што гласат на девизи, и домашни вложни книшки што гласат на име и на динари, можат слободно да се изнесуваат или да се праќаат од Југославија и да се внесуваат или праќаат во Југославија.

Домашни вложни книшки што гласат на динари а не гласат на име, можат да се изнесуваат или да се праќаат од Југославија само по одобрение од Народната банка на Југославија.

Домашни хартии од вредност што гласат на девизи или на динари можат слободно да се изнесуваат или да се праќаат од Југославија и да се внесуваат или праќаат во Југославија.

Странски хартии од вредност можат слободно да се внесуваат или праќаат во Југославија, а да се изнесуваат или праќаат од Југославија — само по одобрение од Народната банка на Југославија, од народната банка на републиката односно од народната банка на автономната покраина.

Член 64

Странски хартии од вредност, купони на странски хартии од вредност и странски вложни книшки, можат да ги наплатуваат домашни лица преку банките овластени за работи со странство.

Вредносниците од став 1 на овој член можат да им се продадат на овластените банки, со наплата на противвредноста во динари или во девизи, согласно со важечките прописи.

Член 65

Изнесувањето во странство, по пат на поштенски и други пратки, на динари и на вредносници што гласат на динари, на ефективни странски пари и на вредносници што гласат на странска валута, се врши под условите што ќе ги одреди Народната банка на Југославија.

Член 66

Чекови влечени во Југославија на странство не смеат да се препродаваат ниту да се индосираат во Југославија.

Чековите на динари влечени во Југославија не смеат да се хонорираат ако на нив се наоѓа индосамент на странско лице.

V. ПРОМЕТ НА ЗЛАТО

Член 67

Злато во непреработена и кована форма можат да извезуваат и да изнесуваат во странство:

1) Народната банка на Југославија — во непреработена и кована форма;

2) организациите на здружениот труд — производители на злато — во непреработена форма;

3) банките овластени за работи со странство — во кована форма.

Други домашни лица можат да извезуваат и да изнесуваат во странство злато во непреработена и кована форма само по одобрение од Народната банка на Југославија.

Член 68

Произведеното злато организациите на здружениот труд — производители на злато — можат да им го продадат на организациите на здружениот труд што користат злато во рамките на својата редовна дејност и на државните органи за нивни потреби (во натамошниот текст: корисниците на злато), како и на Народната банка на Југославија, или да го продадат во странство.

Корисниците на злато и Народната банка на Југославија можат да купуваат непреработено злато во Југославија од организациите на дзружениот труд — производители на злато — или во странство.

Сојузниот извршен совет го одредува стоковниот контингент во чии граници корисниците на злато можат да купуваат злато од производителите на злато во Југославија или во странство.

Член 69

Од девизите што ќе ги остварат со продажба на злато во странство организациите на здружениот труд — производители на злато, согласно член 39 од овој закон, можат да користат дел на девизи во височината што ќе ја одреди Сојузниот извршен совет.

Сојузниот извршен совет може да пропише под кои услови и во која височина организациите на здружениот труд — производители на злато — можат да купуваат девизи за динари остварени со продажба на злато во Југославија.

Член 70

Топење и преработка на злато во лостови можат да вршат само корисниците на злато, и тоа за сопствени потреби и за потребите на други корисници на злато.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, корисниците на злато и рафинериите на злато можат да топат и да преработуваат злато од лостови во заботехнички лим и во друг заботехнички материјал само по налог и за потребите на оние корисници на злато што користат заботехнички лим и

друг заботехнички материјал во своето редовно работење.

Забрането е топење на ковано злато.

Член 71

Овластените банки, организациите на здружениот труд — преработувачи на злато и рафинериите на злато можат да вршат замена на заботехнички лим за предмети од злато и за кршено злато.

Овластените банки можат да вршат замена на заботехнички лим за ковано злато.

Член 72

Прометот на предмети од злато и прометот на кршено злато е слободен во границите на прописите за прометот на стоки и на прописите за контрола на предмети од скапоцени метали.

Член 73

Организациите на здружениот труд — производители на злато — се должни да водат евиденција за произведените и продадените количини на злато, а корисниците на злато — за купените и преработените количини на злато.

Сојузниот секретар за финансии го пропишува начинот за водење на евиденцијата од став 1 на овој член.

Член 74

Како злато, во смисла на овој закон, се подразбира злато во секоја состојба и форма, освен предметите од злато и од кршено злато.

Како предмети од злато, во смисла на овој закон, се подразбираат накитот, украсите, предметите од уметничка вредност и предметите од употребна вредност изработени од злато.

Како кршено злато, во смисла на овој закон, се подразбираат предметите од злато што се купуваат односно се продаваат по тежина и по цена на чисто злато, не земајќи ги предвид трошоците на изработката.

Како лост злато, во смисла на овој закон, се подразбира непреработено злато во која и да е форма.

Како ковано злато, во смисла на овој закон, се подразбираат сите видови златници, без оглед дали се законско средство за плаќање во некоја земја.

VI. РАСПОЛАГАЊЕ СО ДЕВИЗИ ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИТЕ

Член 75

Граѓаните можат да купуваат девизи за сопствени потреби кај овластената банка во износот и под условите што ќе ги пропише Сојузниот извршен совет.

Член 76

Девизите што ќе ги внесат или примат од странство граѓаните можат, во целост или делум да ѝ ги продадат на овластената банка или на овластениот менувач или можат да ги ставаат на девизна сметка или на девизен штеден влог кај овластената банка и да ги користат во согласност со прописот од Сојузниот извршен совет.

Сојузниот извршен совет може да одреди граѓаните, зависно од основот по кој се здобиле со девизите од став 1 на овој член, да можат да ги ставаат тие девизи, во целост или делум, на своја девизна сметка или девизен штеден влог и да го утврди рокот до кој можат да ги ставаат на девизна сметка или на девизен штеден влог.

Член 77

Девизните сметки и девизните штедни влогови на граѓаните можат да бидат по видување или орочени.

Член 78

На девизните сметки на граѓаните и на девизните штедни влогови на граѓаните овластената банка плаќа камата во девизи од средствата со кои располага според член 84 од овој закон или во девизи што ќе ги купи на девизниот пазар.

Народната банка на Југославија, во согласност со Сојузниот извршен совет, може да ги пропише највисоките каматни стапки во девизи.

Член 79

Податоците за девизните сметки на граѓаните и за девизните штедни влогови на граѓаните се деловна тајна на овластената банка.

Известувања за девизните сметки на граѓаните и за девизните штедни влогови на граѓаните можат да се даваат само на писмено барање од судот.

Член 80

За девизните сметки на граѓаните и за девизните штедни влогови на граѓаните гарантира федерацијата.

VII. ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ

Член 81

Девизно-валутни работи, работи на платен промет со странство и кредитни работи со странство можат да вршат банките што ги исполнуваат условите одредени со сојузен закон односно со прописи донесени врз основа на сојузен закон.

Народната банка на Југославија им дава овластувања на банките за вршење работи на платниот промет и кредитни работи со странство, а народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини — овластувања за вршење девизно-валутни работи во Југославија.

Условите за давање овластувања од став 2 на овој член ги утврдува Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи, водејќи сметка за финансиската сила и за оспособеноста на банката за вршење девизни работи.

Член 82

Купување и продажба на ефективни странски пари, на патнички и банкарски чекови и на кредитни писма од странски и домашни лица (менувачки работи) можат да вршат и организациите на здружениот труд што ќе добијат за тоа овластување од народната банка на републиката односно од народната банка на автономната покраина (овластени менувачи).

Начинот на работењето и контролата на работата на овластените менувачи ги одредува Народната банка на Југославија.

Член 83

Средствата на сметките на овластената банка во странство претставуваат девизни обртни средства на банката што таа ги користи за плаќања во странство, за продажба на девизниот пазар и за пласмани во странство, согласно со сојузен закон.

Овластените банки се должни да држат неангажиран одреден износ девизи како обезбедување на минималната ликвидност за плаќање од депозитите по видување.

Народната банка на Југославија, во согласност со Сојузниот извршен совет, ја пропишува височината на износот на девизите од став 2 на овој член.

Член 84

Приходите во девизи што ќе ги оствари во работењето со странство, овластената банка може да ги користи за плаќањата од член 39 на овој закон.

Член 85

Народната банка на Југославија организира евиденција на плаќањата и наплатувањата по работите со странство и на другите податоци од областа на девизното работење.

Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини водат евиденција за податоците од став 1 на овој член на начин што ќе го одреди Народната банка на Југославија.

Овластените банки се должни на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина да ѝ доставуваат извештаи за податоците од став 2 на овој член, во рокови и на начин што ќе ги одреди Народната банка на Југославија.

VIII. ДЕВИЗНИ РЕЗЕРВИ

Член 86

Девизните резерви се состојат од постојани девизни резерви и тековни девизни резерви.

Со девизните резерви ракува Народната банка на Југославија.

Член 87

Постојани девизни резерви сочинуваат златото и хартиите од вредност со кои располага Народната банка на Југославија и делот од побарувањата на Народната банка на Југославија во конвертибилни девизи на сметките во странство.

Со постојаните девизни резерви се обезбедува општа и долгорочна ликвидност во меѓународните плаќања и се придонесува за стабилноста на динарот.

Износот на постојаните девизни резерви го утврдува Сојузниот извршен совет во рамките на пропорциите на платниот биланс.

Средствата на постојаните девизни резерви се користат, по исклучок, за неопходни посебни намени, врз основа на одлука од Сојузниот извршен совет.

Член 88

Тековните девизни резерви ги сочинуваат побарувањата на Народната банка на Југославија на сметките во странство, освен делот кој според член 87 од овој закон претставува постојани девизни резерви.

Сојузниот извршен совет, во рамките на пропорциите на платниот биланс, го утврдува најмалиот износ на тековните девизни резерви.

Член 89

Средствата на тековната девизна резерва Народната банка на Југославија ги користи за продажба на девизниот пазар заради одржување движењето на курсот на динарот во границите утврдени со прописите, за отплатување на кредитите што ги зема во странство, како и за други намени што ќе ги одреди Сојузниот извршен совет.

IX. ДЕВИЗНА КОНТРОЛА

Член 90

На девизна контрола подлежат извршувањето на сојузните прописи и мерки со кои се регулира платниот промет со странство, надворешнотрговското работење, плаќањето и наплатувањето во работењето со странство, девизно-валутните работи во Југославија, кредитните работи со странство, изнесувањето од Југославија и внесувањето во Југославија на динари, на девизи, на хартии од вредност и на злато и други девизни работи во земјата и со странство што се од влијание врз развојот на платниот биланс и врз вредноста на динарот во меѓународниот промет.

Девизна контрола вршат Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот девизен инспекторат, Народната банка на Југославија, народните банки на републиките, народните банки на автономните покраини (девизни органи), царинските органи и други органи и организации одредени со сојузен закон или што ќе ги овласти за тоа Сојузниот извршен совет.

Член 91

Сојузниот девизен инспекторат врши девизна контрола над:

1) девизното и надворешнотрговското работење на организациите на здружениот труд, на банките, на државните органи и на претставништвата на организациите на здружениот труд во странство;

2) работата на царинарниците во спроведувањето на девизните прописи од нивната надлежност одредена со овој закон и со други прописи;

3) девизното работење на другите правни и физички лица што вршат девизно работење или ќе извршат одделни девизни работи.

За вршење на работите од својата надлежност Сојузниот девизен инспекторат може да има организациони единици на територијата на републиките и на автономните покраини.

Член 92

Народната банка на Југославија, заради единствена примена на девизните прописи:

1) издава упатства во границите на овластувањата утврдени со прописите за надворешнотрговското и девизното работење;

2) го следи вршењето на девизната контрола од страна на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, со организирање извештајна служба и со непосреден увид.

Народната банка на Југославија врши девизна контрола на овластените банки по работите на платниот промет и на кредитните односи со странство и контрола на другите работи, во границите одредени со овој закон и со други сојузни прописи.

Член 93

Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини вршат контрола на:

1) платниот промет со странство;

2) кредитните работи со странство;

3) девизно-валутните работи;

4) менувачките работи;

5) применувањето на посебни мерки на девизната политика;

6) други работи со странство што ги вршат овластените банки.

Начинот на вршење контрола од став 1 на овој член (екстерна контрола) го одредува Народната банка на Југославија врз основа на овластувањата утврдени со сојузен закон.

Член 94

Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини вршат контрола на следните девизни и надворешнотрговски работи:

1) на работите на извоз и увоз што ќе ги склучат организациите на здружениот труд — во поглед на правилната примена на прописите утврдени со овој закон и со други сојузни прописи;

2) на наплатувањето на извезени стоки и одредени услуги и на увозот на платени стоки и одредени услуги;

3) на остварувањето и користењето на правото на девизи според одредбите од овој закон и други сојузни прописи;

4) на посебниот начин на пресметување во надворешнотрговската размена со одделни земји, во смисла на член 54 на овој закон;

5) на продолжувањето на роковите, во смисла на чл. 25 и 30 од овој закон;

6) на другите работи со странство, во смисла на посебните прописи на сојузните органи на управата (регулирање на настанатите разлики во работењето со странство).

Контролата на работите од став 1 на овој член Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ја вршат, по правило, со преглед на исправите на надворешнотрговскиот промет и на платниот промет со странство што им се поднесуваат (документарна девизна контрола), а, по потреба, и со непосрден увид во девизното работење на организациите на здружениот труд и на други домашни лица.

Народната банка на Југославија одредува кои исправи од став 2 на овој член и во кој рок треба да се поднесат до народните банки на републиките и до народните банки на автономните покраини, ако тоа не е регулирано со посебни сојузни прописи.

Член 95

Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини самостојно ги применуваат мерките со кои се остварува целите и задачите на девизната политика, во границите на овластувањата дадени со овој закон и со други сојузни прописи.

Член 96

Домашни лица што подлежат на девизна контрола се должни на органите овластени за вршење девизна контрола да им овозможат увид во работењето и, на нивно барање, да им ја ставаат на располагање потребната документација и да им ги дадат бараните податоци.

Домашните лица се должни да водат евиденција за секоја склучена девизна или надворешнотрговска работа, за извршувањето на тие работи и за плаќањата и наплатувањата во врска со тие работи.

Сојузниот секретар за финансии, по прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија, може да пропише начин за водење на евиденцијата од став 2 на овој член.

Член 97

Сите количини ефективни динари над износите и апоените дозволени за изнесување од Југославија односно за внесување во Југославија според посебни сојузни прописи, а што домашен или странски патник не ќе им ги пријави на граничните царински органи, привремено се одземаат со издавање потврда.

Решение за одземање или враќање, во целост или делум, на привремено одземените динари според став 1 на овој член, се донесува во постапката по девизен прекршок. Ова решение се донесува и ако постапката за прекршок не може да се води поради малолетство, болест или смрт на сторителот на прекршокот или затоа што тој е непознат или не им е достапен на органите надлежни за водење на постапката.

Пријавените количини ефективни динари што ги надминуваат износите и апоените чие изнесување односно внесување во Југославија е дозволено според посебни прописи, се депонираат кај Сојузниот девизен инспекторат.

Количините на ефективни динари пријавени во смисла на став 3 од овој член му се враќаат на патникот ако не се предмет на девизен прекршок.

Член 98

Домашни патници можат да ги изнесуваат во странство сите видови девизи што ги прибавиле или со кои располагаат, во смисла на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на сојузен закон.

Девизите што, противно на став 1 од овој член, домашен патник ќе се обиде да ги изнесе од Југославија без пријава на граничните царински органи, привремено се одземаат со издавање потврда.

Решение за одземање или враќање, во целост или делум на привремено одземените девизи според став 2 на овој член, се донесува во постапката по девизен прекршок. Ова решение се донесува и ако постапката за прекршок не може да се води поради малолетство, болест или смрт на сторителот на прекршокот или затоа што тој им е непознат или не им е достапен на органите надлежни за водење на постапката.

Пријавените количини девизи што ги надминуваат износите чие изнесување е дозволено според посебни прописи или по посебно одобрение од девизниот орган, ќе ѝ се достават на Народната банка на Југославија.

Количините на девизи пријавени во смисла на став 4 од овој член му се враќаат на патникот ако не се предмет на прекршок.

Член 99

Царинските органи вршат контрола на изнесувањето и внесувањето на динари, девизи, хартии од вредност и злато што ги внесуваат односно изнесуваат домашни и странски патници.

Преглед заради девизна контрола, во смисла на став 1 од овој член, вршат царинските органи согласно со прописите што ја регулираат постапката на царинска контрола во патничкиот промет со странство.

Поблиски прописи во постапување со одземените предмети при вршењето на девизната контрола, донесува сојузниот секретар за финансии.

Член 100

Народната банка на Југославија, народните банки на републиките, народните банки на автономните покраини и Сојузниот девизен инспекторат се должни едни на други да си ги ставаат на располагање податоците со кои располагаат, а кои се потребни за вршење на девизна контрола.

Член 101

Сојузниот девизен инспекторат ги известува републичкиот односно покраинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите и другите заинтересирани републички односно покраински органи за состојбата утврдена при вршењето на контрола на територијата на републиката односно на автономната покраина.

Член 102

Работата на Сојузниот девизен инспекторат ја раководи главен сојузен девизен инспектор.

Работите од надлежноста на Сојузниот девизен инспекторат ги вршат сојузни девизни инспектори, а за извршување одделни работи можат да се користат и стручњаци од други органи и организации.

Член 103

Сојузните девизни инспектори вршат работи на девизна инспекција врз основа на овластувањата утврдени со сојузен закон и за својата работа одговараат пред главниот сојузен девизен инспектор.

Сојузен девизен инспектор мора да има посебна легитимација со која се потврдува неговото својство на инспектор.

Образецот на легитимацијата за сојузен девизен инспектор и начинот на нејзиното издавање ги пропишува сојузниот секретар за финансии.

Член 104

Ако сојузниот девизен инспектор, при прегледот на девизното работење, утврди незаконитости во вршењето на девизните работи или утврди дека мерките наредени од надлежниот девизен орган во областа на девизното работење не се извршени, со решение ќе нареди да се отстранат утврдените незаконитости односно да се извршат наредените мерки, одредувајќи го рокот во кој мора да се изврши тоа, а ќе преземе и други мерки ако тие се пропишани со сојузен закон или врз основа на сојузен закон.

Ако сојузниот девизен инспектор при прегледот на девизното работење на државен орган, утврди незаконитости во вршењето на девизните работи или утврди дека мерките наредени од надлежниот државен орган не се извршени, ќе поднесе за тоа извештај до главниот сојузен девизен инспектор, кој ќе го извести за тоа сојузниот секретар за финансии.

Член 105

Ако сојузниот девизен инспектор, при прегледот на девизното и надворешнотрговското работење на организација на здружениот труд или на друго правно лице, смета дека постои основано сомневање дека е извршен стопански престап и дека со него е прибавена имотна корист, ќе донесе решение за привремено одземање на таква прибавената имотна корист.

Врз основа на решението за привремено одземање на имотната корист, донесено во смисла на став 1 од овој член, Службата на општественото книговодство ќе изврши блокирање на соодветниот износ на жиро-сметката на лицето спрема кое е изречена таа мерка.

Против решението од став 1 на овој член не може да се изјави жалба ниту да се поведе управен спор.

Одлука за основаноста на привремената мерка одземање на имотната корист и за височината на одземената имотна корист донесува надлежниот стопански суд во постапката поради стопански престап.

Ако не се поведе постапка за стопански престап или во таа постапка не се донесе одлука за одземање на имотната корист, одземената имотна корист се враќа.

Во случајот од став 5 на овој член сојузниот девизен инспектор по службена должност е должен да го стави вон сила решението за привремено одземање на имотната корист.

Член 106

Против решението на Сојузниот девизен инспекторат, донесено во вршењето на работите на девизната контрола, може да се поднесе жалба до Сојузниот секретаријат за финансии во рок од 15 дена од денот на приемот на решението Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Сојузниот девизен инспекторат, по барање на странката, може да го одложи извршувањето на решението против кое е поднесена жалба до окончувањето на управната постапка.

Член 107

Ако утврденото незаконито дејствие не претставува кривично дело, стопански престап или прекршок, надлежниот орган за вршење девизна контрола е должен да поднесе пријава до органот надлежен за водење на постапката.

Член 108

Ако според важечките прописи е предвидено одземање на предметите во врска со извршеното кривично дело или стопански престап или прекршок во областа на девизното работење, сојузниот девизен инспектор може привремено да го одземе односниот предмет, за што е должен да издаде писмено решение.

За извршеното одземање на предметот сојузниот девизен инспектор е должен веднаш да го извести органот надлежен за водење на постапката.

X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 109

Со парична казна од 30.000 до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружениот труд, овластена банка или друго правно лице:

1) ако плаќањето или наплатувањето во прометот на стоки и услуги со странство и другите плаќања со странство не ги изврши на начин предвиден во чл. 2 и 6 на овој закон;

2) ако купувањето и продажбата на девизи не ги врши на начин предвиден во чл. 8 и 20 на овој закон;

3) ако девизите од член 5 на овој закон ги депонира со отказен рок, ги отстапи или ги здружи (член 9);

4) ако купопродажбата на девизи или отстапувањето на правото на девизи го изврши противно на член 10 од овој закон;

5) ако при склучувањето на работите, при плаќањето или при наплатувањето на стоки и услуги постапи противно на забраната од член 12 став 1 на овој закон;

6) ако држи девизи во странство без одобрение или противно на условите што ќе ги одреди Народната банка на Југославија (член 26 став 1);

7) ако изврши плаќање на стоки и услуги противно на одредбите од чл. 28, 37 и 42 од овој закон;

8) ако услугите извршени во странство не ги наплати од домашни лица во динари (член 32);

9) ако плаќањето на услугите на странски лица во меѓународниот стоковен промет не го изврши на пропишаниот начин (член 33);

10) ако плаќањето односно наплатувањето во врска со увозот и извозот на стоки и услуги во малограничниот и соседскиот прекуморски промет и со меѓународните саемски компензациони договори не го изврши на пропишаниот начин (член 34);

11) ако плаќањето на увозот на суровини и други репродукциони материјали не го изврши на начинот одреден во член 38 ст. 1 и 3 на овој закон;

12) ако на производителска организација на здружениот труд ѝ признае својство на претежен извозник противно на одредбите од член 38 став 2 на овој закон;

13) ако утврди одреден дел девизни средства противно на одредбите од член 39 на овој закон;

14) ако формира или користи средства по основ на амортизација противно на одредбите од член 41 на овој закон;

15) ако плаќање на увозот врз основа на договор за долгорочна производствена кооперација со странство не го изврши на начинот предвиден во член 43 на овој закон;

16) ако во поглед на држењето на девизи за вршење инвестициони работи во странство, на располагањето со тие девизи во текот на изведувањето

на работите, на утврдувањето на добивката од тие работи и на внесувањето на остварената добивка во Југославија, не постапи според одредбите од член 44 на овој закон;

17) ако плаќањето и наплатувањето во работите на посредување во надворешнотрговскиот промет не ги врши на начин и под услови утврдени со прописот донесен врз основа на овој закон (член 45);

18) ако со девизите остварени со вршење работи на преработка, доработка односно обработка на стоки од странска сопственост не постапи на начинот предвиден со овој закон (член 46);

19) ако во работите на вршење услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет плаќањето на репродукциони материјали, на резервни делови за сопствени потреби и на одредени трошоци на работењето во странство, не го врши на начин и под услови утврдени со прописот донесен врз основа на овој закон (член 47);

20) ако плаќањето и наплатувањето на стоките во девизи во Југославија или располагањето со девизи остварени со продажба на стоки во Југославија, не ги врши според прописот донесен врз основа на овој закон (член 48);

21) ако склучи договор за осигурување со обврска за надоместок на штета во девизи или девизите од надоместок на штета ги користи противно на одредбите од член 49 на овој закон;

22) ако девизите внесени во Југославија врз основа на договор за вложување средства во домашна организација на здружениот труд ги користи противно на член 50 од овој закон;

23) ако трансфер на дел од доходот (од добивката) или трансфер на дел од вредноста на вложените средства врши противно на одредбите од член 51 на овој закон;

24) ако за основање претпријатие во странство и за учествување со средства во странски претпријатија користи одредени средства или добивка остварена врз основа на распределбата во претпријатието во странство противно на одредбите од член 52 на овој закон;

25) ако плаќањето на трошоците за деловни патувања, за реклами во странство или плаќањето на такси и давачки во врска со работењето во странство ги врши противно на член 55 на овој закон;

26) ако трошоците на претставништво или на делегат во странство ги плаќа противно на одредбите од член 56 на овој закон;

27) ако отплатувањето на обврзници запишани и уплатени во девизи, за кои е утврдена обврска за отплата во девиза, го врши противно на важечките прописи (член 57);

28) ако извезе или изнесе злато во непреработена или кована форма без одобрение од Народната банка на Југославија (член 67 став 2);

29) ако произведено злато продаде односно купи противно на одредбите од член 68 на овој закон;

30) ако изврши топење или преработка на злато во лостови противно на член 70 ст. 1 и 2 од овој закон;

31) ако изврши топење на ковано злато (член 70 став 3);

32) ако работите од чл. 81 и 82 на овој закон ги врши без овластување или ако тие работи ги врши противно на важечките прописи;

33) ако не држи неангажиран одреден износ девизи како обезбедување на минимална ликвидност за плаќање од депозит по видување (член 83);

34) ако приходите во девизи што ќе ги оствари во работењето со странство ги користи противно на одредбата од член 84 на овој закон.

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во организацијата на здружениот труд, во овластената банка или во друго правно лице со парична казна од 1.500 до 6.000 динари.

Член 110

За стопанските престапи од член 109 на овој закон стопанскиот суд може да ѝ изрече на организација на здружениот труд или на друго правно лице, покрај парична казна, и заштитната мерка забрана за вршење една или повеќе форми на надворешнотрговски промет.

На овластената банка што ќе стори стопански престап од член 109 на овој закон, стопанскиот суд може да ѝ изрече, покрај парична казна, и заштитна мерка одземање на овластувањето за вршење девизни работи.

За стопанските престапи од член 109 на овој закон стопанскиот суд може да му изрече и на одговорното лице во организацијата на здружениот труд, во овластената банка или во друго правно лице, покрај парична казна, и забрана за вршење должност на работните места на кои се вршат девизни работи.

Член 111

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд, овластена банка или друго правно лице:

1) ако во пропишаниот рок не ја изврши наплатата на извезените стоки и извршените услуги или наплатата на побарувања по други основи (член 24);

2) ако на Народната банка на Југославија во, пропишаниот рок и на начин што таа ќе го одреди, не ѝ достави извештај и податоци за прометот и за состојбата на средствата на сметките во странство и други податоци во врска со работите со странство (член 26 став 2);

3) ако платените стоки не ги увезе од странство во рокот одреден во член 29 на овој закон;

4) ако правдањето вредноста на разликите настанати во работењето со странство не го врши на пропишаниот начин (член 31);

5) ако правото на дел од девизите не го утврди со овластената банка во одредениот рок (член 40);

6) ако девизите ги користи противно на одредбата од член 61 став 2 на овој закон;

7) ако трансферот на динари со кои располагаат странци и југословенски граѓани на привремена работа во странство не го изврши на пропишаниот начин (член 62);

8) ако со вредносниците од член 64 на овој закон постапи противно на одредбите од тој член;

9) ако со чековите влечени во Југославија постапи противно на член 66 на овој закон;

10) ако не води евиденција за произведените и продадените количини злато или за купените и преработените количини злато (член 73);

11) ако на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина не ѝ достави извештај во одредениот рок или на пропишаниот начин (член 85);

12) ако исправите, потребни за девизна контрола, во одредениот рок не ги достави до народната банка на републиката односно до народната банка на автономната покраина (член 94);

13) ако на овластеното лице не му овозможи да изврши контрола на девизното работење или не му ја стави на располагање потребната документација или не му ги даде потребните податоци за вршење на девизната контрола (член 96 став 1);

14) ако не ја води или неуредно ја води пропишаната евиденција (член 96 ст. 2 и 3);

15) ако во одреденото рок не ги отстрани утврдените незаконитости или неправилности во девизното работење по решението од Сојузниот девизен инспекторат (член 104).

За дејството од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок и одговорното лице во организацијата на здружениот труд, во овластената банка или во друго правно лице со парична казна од 500 до 3.000 динари.

Член 112

Со парична казна од 100 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок поединец:

1) ако плаќањето и наплатувањето во работењето со странство го врши противно на член 6 од овој закон;

2) ако купопродажбата на девизи или отстапувањето на правото на девизи го изврши противно на одредбата од член 10 на овој закон;

3) ако остварените девизи ги држи во странство противно на член 11 од овој закон;

4) ако при склучувањето на работи, при плаќањето или при наплатувањето на стоки и услуги постапи противно на забраната од член 12 став 1 на овој закон;

5) ако се обиде да изнесе или изнесе девизи во патничкиот промет со странство противно на одредбите од член 13 на овој закон;

6) ако се обиде да изнесе или да внесе односно изнесе или внесе динари во патничкиот промет со странство противно на член 14 од овој закон;

7) ако при купопродажбата на стоки за девизи во Југославија не постапи според прописот донесен врз основа на член 48 од овој закон;

8) ако склучи договор за осигурување со обврска за надоместок на штета во девизи или ако плаќа премија за осигурување, наплатува штета или ако девизите од надоместокот на штетата ги користи противно на одредбите од член 49 на овој закон;

9) ако домашна вложна книшка што гласи на динари, а не гласи на име или на странски хартии од вредност, изнесе или испрати од Југославија без одобрение од Народната банка на Југославија (член 63);

10) ако со вредносниците од член 64 на овој закон постапи противно на одредбите од тој член;

11) ако со чековите влечени во Југославија постапи противно на член 66 на овој закон;

12) ако се обиде да извезе или да изнесе односно извезе или изнесе злато во непреработена или кована форма без одобрение од Народната банка на Југославија (член 67);

13) ако изврши топење или преработка на злато во лостови или топење на ковано злато (член 70).

Член 113

За прекршоците од чл. 111 и 112 на овој закон, покрај паричната казна, може да се изрече и заштитната мерка одземање на предметот на прекршокот. За овие прекршоци се изрекува и заштитната мерка одземање на имотната корист стечена во целост со извршувањето на прекршокот.

По исклучок од одредбата на став 1 на овој член, може да се изврши делумно одземање на предметот на прекршокот ако побудите или другите околности под кои е извршен прекршокот укажуваат дека не е оправдано предметот на прекршокот да се одземе во целост.

За прекршоците од член 112 точ. 5, 6 и 12 на овој закон може да се изрече и заштитната мерка одземање на превозното средство ако неговите тајни односно скришни места биле користени за криење на предметот на прекршокот.

Член 114

Органот што го донесува решението за прекршокот може да одлучи паричната казна, изречена за прекршок од овој закон, да се исплати во рати, со тоа што рокот за целосна исплата да не може да биде подолг од две години.

Член 115

Постапката по прекршоците од овој закон ја води во прв степен и решенија донесува Сојузниот девизен инспекторат.

По жалбата против решението на Сојузниот девизен инспекторат решава Сојузниот секретаријат за финансии.

Член 116

Ако барањето за поведување постапка е ставено врз основа на пријава од граничните царински органи, поднесена во смисла на чл. 97 и 98 на овој закон, а вредноста на предметот на прекршокот не е поголема од 1.000 динари, Сојузниот девизен инспекторат без повикување и сослушување на обвинетиот може да изрече само заштитна мерка одземање на предметот на прекршокот, во целост или делум.

Против решението донесено според став 1 на овој член обвинетиот во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението може да поднесе приговор до Сојузниот девизен инспекторат.

Ако обвинетиот во одреденото рок поднесе приговор, Сојузниот девизен инспекторат ќе го стави вон сила донесеното решение и ќе ја продолжи редовната постапка. Решението за прекршокот донесено во редовната постапка за обвинетиот не може да биде понеповолно од решението што по повод неговиот приговор е ставено вон од сила.

Член 117

Постапката по прекршоците од овој закон не може да се поведе кога ќе изминат три години од денот на извршувањето на прекршокот. Застареноста се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган управено на водење постапка против сторителот на прекршокот. По секој прекин на застареноста, застареноста започнува одново да тече, но постапката во никој случај не може да се поведе по истекот на шест години од денот на извршувањето на прекршокот.

Изречената казна и заштитната мерка за прекршок не може да се изврши кога ќе изминат три години од денот на правосилноста на решението за прекршокот. Застареноста се прекинува со секое дејствие од надлежниот орган управено на извршување на казната. По секој прекин на застареноста, застареноста започнува повторно да тече, но таа настанува во секој случај по истекот на шест години од денот на правосилноста на решението за прекршокот.

Член 118

Средствата за плаќање, имотната корист и вредноста на предметот на прекршокот, одземени во постапката по прекршоците од овој закон, се уплатуваат во буџетот на федерацијата.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 119

Купувањето и продажбата на девизи на девизниот пазар банките овластени за работи со странство ќе ги вршат, од денот што ќе го одреди Народната банка на Југославија.

Член 120

Девизите што организациите на здружениот труд, врз основа на договор склучен со овластената

банка, ги орочиле до денот на влегувањето во сила на овој закон, можат да се држат орочени до денот утврден со тој договор.

Член 121

Банките што до денот на влегувањето во сила на овој закон биле овластени за вршење девизно-валутни работи односно за вршење работи на платниот промет и кредитни работи со странство, ја продолжуваат работата како овластени банки според овој закон, со тоа што во рокот одреден со прописот што ќе биде донесен врз основа на член 81 став 3 од овој закон се должни да ги исполнат условите утврдени со тој пропис.

Член 122

Договорите за девизните кредити што овластените банки ги склучиле со домашни лица до денот на влегувањето во сила на овој закон можат да се извршуваат под договорените услови.

Член 123

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат:

1) Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69, 32/70, 47/70, 53/70, 15/71, 25/71 и 33/71), освен одредбите од чл. 43 и 81 на тој закон кои престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на прописот донесен врз основа на член 33 на овој закон односно со денот на почетокот на купувањето и продажбата на девизи на девизен пазар;

2) Законот за девизната инспекција („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65 и 24/71);

3) Законот за обезбедување девизи на општествено-политичките заедници, установите, општествените организации и граѓанските правни лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/69);

4) Законот за паритетот на динарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71);

5) Одлуката за условите што деловните банки мораат да ги исполнуваат за вршење девизни работи „Службен лист на СФРЈ", бр. 32/66 и 52/67);

6) Одлуката за плаќање определени трошоци во странство од страна на стопанските организации што не остварува девизи со извоз на стоки и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66 и 44/68).

До донесувањето на соодветните прописи, а најдолго деведесет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат во сила:

1) Одлуката за мерилата за утврдување кои стопански организации се сметаат како претежни извозници („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/66, 20/70 и 32/71);

2) Одлуката за височината на делот од амортизацијата до кој работните организации можат да купуваат девизи за плаќање на опрема и резервни делови („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/66, 11/67, 8/68, 17/69, 22/69, 9/70, 10/70, 41/70 и 2/72);

3) Одлуката за располагањето со девизи во текот на изведувањето на инвестициони работи во странство и за пресметувањето на трошоците на работењето и утврдувањето на добивката („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 30/67 и 52/67);

4) Одлуката за начинот и условите за користење девизи остварени со вршење работи на посредување во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66);

5) Одлуката за височината на износот на девизите што производителите на злато можат да ги купуваат за продадено злато („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 58/70 и 26/72);

6) Одлуката за плаќањата во странство од страна на претпријатијата што се занимаваат со давање услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 52/67, 8/68, 9/70 и 18/72);

7) Одлуката за продажбата на стоки за девизи во Југославија и за начинот на располагањето со тие девизи („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 20/67, 26/67, 11/68, 26/69, 16/70, 6/71, 16/71, 29/71, 60/71 и 26/72);

8) Одлуката за трансферот на побарувањата во динари на странски лица и домашни лица со живеалиште во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66 и 4/69);

9) Одлуката за износите и условите за продавање девизи на граѓаните („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 52/67 и 60/71);

10) Одлуката за располагање со девизите што ќе ги остварат општествени организации, здруженија на граѓани и граѓански правни лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66);

11) Одлуката за признавање на определени работни организации наплатите во динари како основица за прибавување девизи („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 52/67 и 25/71);

12) Одлуката за располагање со девизите што ќе ги остварат граѓани („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66 и 28/71);

13) Одлуката за работите на вршење услуги при облагородување стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66 и 19/68);

14) Наредбата за начинот и постапката за правдање на разликите настанати при работењето со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66);

15) Одлуката за изнесување и внесување ефективни динари во патничкиот промет со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 23/69, 2/70 и 60/71);

16) Одлуката за полагање динарска противвредност на девизите пред стасаноста за плаќање на увозот на стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/66 и 17/69);

17) Одлуката за пријавување поголеми плаќања и договори за поголеми сезонски набавки во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/66, 50/67, 4/71 и 60/71);

18) Одлуката за плаќање во девизи на надоместокот на штета, осигурените износи и трошоците од работите по осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66, 33/67 и 25/69);

19) Одлуката за работните организации од определени дејности кои можат да користат девизи во смисла на членот 16 од Законот за девизното работење за плаќање увозот на стоки наменети за лична потрошувачка („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/68, 31/69, 47/70 и 30/71);

20) Одлуката за деловно-техничката соработка и кооперација која се смета долгорочна („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/68);

21) Одлуката за условите и начинот на плаќањето на извозот и увозот на стоки во рамките на определените меѓународни саемски компензациони аранжмани („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/63);

22) Одлуката за производствена кооперација која се смета долгорочна („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/69);

23) Одлуката за плаќањето на трошоците на претставништвата и делегатите на стопанските организации во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/69);

24) Наредбата за определување на производите и материјалите што можат да се продаваат за девизи во Југославија за потребите на домашни и странски бродови што сообраќаат на меѓународни релации („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/69 и 13/71);

25) Одлуката за височината на каматата што се плаќа во девизи на средствата ставени на девизни сметки и на девизните штедни влогови на граѓаните и на штедните влогови во странски средства за плаќање на иселениците и иселениците-повратници („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/70 и 56/70);

26) Наредбата за начинот на кој работните организации и другите домашни лица се должни да водат евиденција за склучените девизни и надворешнотрговски работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/70);

27) Одлуката за постапката за определување и распределба на стоковниот контингент за купување злато („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/70);

28) Одлуката за утврдување на делот на девизите што работните организации можат да го користат во смисла на член 16 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/72);

29) Одлуката за одредување на стоковниот контингент за злато во 1972 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/72).

Член 124

Овој закон влегува во сила на 1 октомври 1972 година.

359.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРЕДИТНИТЕ РАБОТИ СО СТРАНСТВО

Се прогласува Законот за кредитните работи со странство, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 28 јуни 1972 година и на седницата на Стопанскиот собор од 28 јуни 1972 година.

ПР бр. 69
29 јуни 1972 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА КРЕДИТНИТЕ РАБОТИ СО СТРАНСТВО

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Како кредитни работи со странство, во смисла на овој закон, се подразбираат:

1) извоз и увоз на стоки и на услуги на кредит;

2) давање и земање финансиски кредити;

3) давање и земање краткорочни банкарски кредити.

Член 2

Според одредбите од овој закон се вршат и работи во врска со кредитните работи со странство, и тоа: примање и давање орочени депозити, давање гаранции и рефинансирање по кредитни работи со странство.

Член 3

Кредитни работи со странство можат да вршат организациите на здружениот труд, овластените банки, Народната банка на Југославија и општествено-политичките заедници.

Како организации на здружениот труд, во смисла на овој закон, се подразбираат претпријатијата, основните организации на здружениот труд и други организации чие својство на правно лице е запишано во регистарот на организациите на здружениот труд.

Како овластена банка, во смисла на овој закон, се подразбира банката што од Народната банка на Југославија ќе добие овластување за вршење платен промет и кредитни работи со странство.

Член 4

Гаранции по кредитните работи со странство можат да даваат организациите на здружениот труд, овластените банки, Народната банка на Југославија и општествено-политичките заедници, под услови предвидени со овој закон.

Член 5

Рефинансирање по кредитните работи со странство можат да вршат организациите на здружениот труд, овластените банки и Народната банка на Југославија.

Член 6

Осигурување од ризици по работите по кои се кредитираат корисници во странство, вршат осигурителните организации и други организации под услови предвидени со сојузен закон.

Член 7

Вршењето на кредитните работи со странство е слободно.

Вршењето на кредитните работи со странство може да се ограничи само со сојузен закон и со прописи донесени врз основа на сојузен закон, ако тоа е потребно заради обезбедување на развојот на стопанството во согласност со утврдената економска политика и заради урамнотежување на платниот биланс.

Организациите на здружениот труд и овластените банки самостојно одлучуваат за вршењето на кредитните работи со странство, тргнувајќи од потребите на своето работење и од својата кредитна способност.

Народната банка на Југославија и општествено-политичките заедници ги вршат кредитните работи со странство во согласност со сојузни закони и со прописи донесени врз основа на сојузни закони.

Член 8

Кредитни работи по кои се задолжуваат во странство, организациите на здружениот труд, овластените банки и Народната банка на Југославија и општествено-политичките заедници можат да вршат ако за извршувањето на обврските по тие работи обезбедат потребни девизи и динари, во согласност со важечките прописи.

За извршување на обврските по кредитните работи со странство од чл. 1 и 2 на овој закон во границите на договорот и законот, одговараат: организациите на здружениот труд — со сите средства со кои располагаат; овластените банки — со сите средства здружени во банката и со други средства на основачите со кои, согласно со законот, одговара банката за своите обврски; Народната банка на Југославија — во границите одредени со посебен сојузен закон, а општествено-политичките заедници — со средствата со кои располагаат.

Член 9

Кредитните работи со странство мораат да бидат регистрирани. Народната банка на Југославија ги пропишува начинот, постапката и роковите за регистрација на кредитните работи со странство.

Народната банка на Југославија може да пропишува и обврска за претходно регистрирање на намера за склучување кредитна работа со странство.

Кредитните работи со странство, односно намерата за склучување кредитни работи со странство, се регистрира кај народните банки на републиките и кај народните банки на автономните покраини.

Член 10

Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини водат евиденција за склучувањето, користењето и отплатувањето на кредитните работи со странство, на начин што ќе го одреди Народната банка на Југославија.

Организациите на здружениот труд и овластените банки се должни да им доставуваат извештаи за податоците од став 1 на овој член на Народната банка на Југославија, на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, во рокови и на начин што ќе ги одреди Народната банка на Југославија.

Член 11

Народната банка на Југославија, по претходно прибавено мислење од овластените банки, согласно со чл. 62 и 63 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, може да одреди рамковни услови за склучување на кредитните работи со странство.

II. ВРШЕЊЕ КРЕДИТНИ РАБОТИ СО СТРАНСТВО

1. Организации на здружениот труд

Член 12

Организациите на здружениот труд можат да ги вршат кредитните работи од член 1 точ. 1 и 2 на овој закон ако тие кредити служат за вршење на дејностите за кои се регистрирани.

Член 13

Кредитирањето на корисниците во странство, организацијата на здружениот труд го врши од сите свои средства, од средствата добиени од фондот за кредитирање на извозот, од динарските кредити добиени во Југославија и од кредитите добиени во странство.

Член 14

За стоките и услугите чиј извоз и увоз е регулиран, договори за извоз и увоз на стоки и на услуги на кредит можат да се склучуваат само во согласност со прописите за извозот и увозот на такви стоки и услуги.

Член 15

За отплатување на странски кредит користен за увоз на транспортни средства во поморскиот, речниот и воздушниот сообраќај организациите на здружениот труд можат да ги користат и девизите остварени со закуп на своите транспортни средства, девизите од кредитите добиени по основ на заложно право (хипотека) на своите транспортни средства и девизите добиени по основ на осигурување на транспортните средства во тој сообраќај.

Сојузниот извршен совет може да пропише организациите на здружениот труд од одредени гранки на сообраќајот да можат да ги користат девизите, остварени со продажба на основните средства во странство за извршување на обврските од став 1 на овој член.

Член 16

Работите на извоз на стоки и услуги на кредит според член 1 на овој закон што ги вршат организациите на здружениот труд, не се сметаат како кредитни работи во смисла на овој закон, ако целокупното плаќање по тие работи е договорено со рок до 60 дена.

Народната банка на Југославија, по претходно прибавено мислење од овластените банки, ги утврдува рокот и условите под кои работите на увоз на стоки и услуги на кредит не се сметаат како кредитни работи.

Член 17

Девизите што ќе ги прибаваат по основ на финансиски кредити од странство организациите на здружениот труд можат да ѝ ги продадат на овластената банка, со право да ги купат повторно во рокот на втасаноста на отплатите на тие кредити.

Член 18

Организацијата на здружениот труд може да дава гаранции по кредитните работи со странство што ги врши друга организација на здружениот труд ако со таа организација има договор за долгорочна производствена кооперација или договор за долгорочна деловно-техничка соработка, што се склучени согласно со прописите донесени врз основа на Законот за девизно работење.

2. Овластени банки

Член 19

Овластените банки можат да вршат кредитни работи со странство од член 1 точ. 2 и 3 на овој закон.

Член 20

За давање кредити во странство овластената банка може да ги користи девизите со кои располага на сметките во странство, девизите прибавени преку кредити во странство, како и динарите што произлегуваат од работењето со странство, согласно со посебен сојузен закон.

Член 21

Девизите што ќе ги прибави по основ на кредити и примени депозити од странство, овластената банка може да ги користи за плаќања и пласмани во странство и за продажба на девизниот пазар, со право да ги купи повторно во рокот на втасаноста на отплатата на тие кредити.

Член 22

Курсниот ризик од работењето со девизи го поднесува секој учесник во прометот со девизи за девизите на своите девизни депозити и за своите обврски и побарувања од девизните заеми и кредити и од други работи во кои се појавува курсен ризик.

Овластената банка што врши работи со туѓи девизи го поднесува курсниот ризик што би можел да произлезе од тие работи, ако овој ризик не го отстранила со договор.

Член 23

За отплатување странски кредити овластената банка може да ги користи девизите со кои располага на сметките во странство, девизите прибавени преку кредити во странство и динарите што произлегуваат од работењето со странство, согласно со посебен сојузен закон.

Член 24

Овластената банка може да дава гаранции и супергаранции по кредитните работи со странство што ќе ги склучат организациите на здружениот труд и други овластени банки.

III. УСОГЛАСУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА КРЕДИТНИТЕ РАБОТИ СО СТРАНСТВО

Член 25

Заради обезбедување ликвидност во меѓународните плаќања и за извршување на политиката на платниот биланс, можат да се воведуваат ограничувањата во областа на кредитното работење со странство предвидени со овој или со посебен сојузен закон.

Член 26

Народната банка на Југославија, во согласност со Сојузниот извршен совет, може:

1) да пропише обврска за држење одредени девизни износи во вид на резерва и обврска за полагање динарски или девизни депозити, ако организациите на здружениот труд и овластените банки одобруваат или користат кредити во странство и даваат гаранции за такви кредити;

2) да пропише дека овластените банки се должни по кредитните работи со странство да одржуваат одредени односи помеѓу одобрените кредити и депозити и примените кредити и депозити од странство;

3) по исклучок, да ја одреди височината на износот до кој овластените банки можат да даваат гаранции по кредитните работи со странство, да користат кредити во странство и да примаат депозити од странство, ако тоа е потребно заради зачувување на ликвидноста во меѓународните плаќања и за спречување на растројувања во извршувањето на платниот биланс.

При одредувањето на ограничувањата од став 1 на овој член, Народната банка на Југославија води сметка за состојбата на веќе преземените обврски, за износот на сопствените девизи и за промената на состојбата на сопствените девизи, за рочноста и видот на пласманот на сопствените девизи, за височината на динарските средства со кои работат овластените банки, за рочноста и видот на пласманот на динарските средства со кои работат овластените банки, за вкупниот износ на извршените кредитни работи во динари и во девизи и за вкупниот износ на извршените работи во девизи во свое име и за своја сметка и во свое име и за туѓа сметка.

Член 27

Организациите на здружениот труд и овластените банки можат да дадат финансиски кредити во странство, по претходно прибавено одобрение од Народната банка на Југославија, или од народната банка на републиката, или од народната банка на автономната покраина, и тоа за намени и под условите што ќе ги утврди Народната банка на Југославија.

Член 28

Странските кредити што се користат за увоз на опрема наменета за инвестиционо вложување во недоволно развиените подрачја и за вложувања во одредени дејности од општо стопанско и друго значење, Сојузниот извршен совет може да ги ослободи од мерките на ограничување од член 26 на овој закон.

IV. НАРОДНА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 29

Народната банка на Југославија, по одлука од Сојузната скупштина, може да стапува во кредитни односи со странство — во свое име и за сметка на Федерацијата.

Член 30

Народната банка на Југославија може да стапува во кредитни односи со странство во свое име и за своја сметка заради извршување на своите функции предвидени со посебен сојузен закон и со прописите донесени врз основа на посебен сојузен закон.

Член 31

Народната банка на Југославија може да дава гаранции и супергаранции за кредитите што ги користат организациите на здружениот труд и овластените банки — само врз основа на сојузен закон.

V. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ

Член 32

Федерацијата може да врши кредитни работи со странство само врз основа на сојузен закон кој се донесува врз основа на постигната согласност со собранијата на републиките и на автономните покраини.

Со законот од став 1 на овој член се одредуваат и средствата и начинот за отплата на користениот кредит во странство.

За отплатување на долговите на федерацијата кое се врши во девизи, девизите се купуваат по курсевите што се формираат на девизниот пазар.

По исклучок од став 1 на овој член, кредитните работи со странство што се однесуваат на опремата за посебни намени се вршат по одобрение од Сојузниот извршен совет.

Член 33

Федерацијата може да презема обврски како супергарант врз основа на сојузен закон кој се донесува посебно за секоја работа за која се дава супергаранција.

Федерацијата може да ја преземе обврската од став 1 на овој член само ако давачот на заемот или на кредитот изречно бара таква обврска и ако содоговорачот и првиот гарант од своите средства го обезбедуваат извршувањето на сите договорни и дополнителни обврски од заемот или од кредитот.

Член 34

Републиките, автономните покраини и другите општествено-политички заедници можат да вршат кредитни работи со странство во договор со овластените банки и во рамките на важечките прописи што се однесуваат на кредитното работење на организациите на здружениот труд и на овластените банки.

Член 35

Републиките, автономните покраини и другите општествено-политички заедници, за отплатувањето на финансиските кредити склучени во смисла на член 34 од овој закон, по кои девизите им се продадени на овластените банки, можат повторно да купат девизи кај овластените банки за динари.

VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Со парична казна од 30.000 динари до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружениот труд:

1) ако за извршување на обврските по кредитна работа, по која се задолжила во странство, не ги обезбеди потребните средства според одредбите од член 8 на овој закон;

2) ако во своето кредитно работење со странство не се придржува кон рамковните услови од член 11 на овој закон;

3) ако кредитните работи со странство од член 1 точ. 1 и 2 на овој закон ги врши противно на одредбата од член 12 на овој закон;

4) ако кредитира корисник во странство од средства што не се предвидени во член 13 на овој закон;

5) ако склучи договор за увоз на стоки и услуги на кредит противно на прописите за увозот на такви стоки и услуги (член 14);

6) ако девизите, прибавени преку финансиски кредит од странство, ги продаде противно на член 17 од овој закон;

7) ако за друга организација на здружениот труд даде гаранција по кредитни работи со странство противно на одредбата од член 18 на овој закон;

8) ако по кредитна работа со странство не положи динарски или девизен депозит според прописите донесени врз основа на член 26 од овој закон;

9) ако одобри финансиски кредит во странство без одобрение од Народната банка на Југославија, или од народната банка на републиката, или од народната банка на автономната покраина, или ако постапи противно на намената и условите што ќе ги утврди Народната банка на Југославија (член 27).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд со парична казна од 1.500 до 6.000 динари.

Член 37

Со парична казна од 30.000 до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап банка што врши кредитни работи со странство, а за вршењето ни тие работи не е овластена (член 3 став 1).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговороното лице во банката со парична казна од 1.500 до 6 000 динари.

Член 38

Со парична казна од 30 000 до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап овластена банка:

1) ако за извршување на обврските по кредитна работа, по која се задолжила во странство, не ги обезбеди потребните средства според одредбите од член 8 на овој закон;

2) ако во кредитното работење со странство не се придржува кон рамковните услови од член 11 на овој закон;

3) ако во кредитното работење со странство не се придржува кон ограничувањата одредени во прописите донесени врз основа на член 25 на овој закон;

4) ако одобри финансиски кредит во странство без одобрение од Народната банка на Југославија, или од народната банка на републиката, или од народната банка на автономната покраина, или ако постапи противно на намената и условите што ќе ги утврди Народната банка на Југославија (член 27).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во овластената банка со парична казна од 1 500 до 6.000 динари.

Член 39

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд или овластена банка;

1) ако не ја регистрира кредитната работа со странство или не ја регистрира намерата за склучување кредитна работа со странство на начин, под услови и во рок што ќе ги пропише Народната банка на Југославија, или ако во пријавата за регистрација наведе неточни податоци (член 9);

2) ако на Народната банка на Југославија, на народната банка на републиката и на народната банка на автономната покраина не им достави извештај за кредитните работи со странство, во рокови и на начин што ќе ги одреди Народната банка на Југославија (член 10 став 2).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во овластената банка со парична казна од 500 до 3.000 динари.

Член 40

За стопанскиот престап од чл. 36, 37 и 38 на овој закон, покрај паричната казна, може да се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на стопанскиот престап.

Член 41

За стопанските престапи од чл. 36 и 38 на овој закон, покрај паричната казна, можат да се изречат и заштитните мерки:

1) забрана на организацијата на здружениот труд односно на овластената банка да врши кредитни работи со странство во траење од најмалку една година;

2) забрана на одговорното лице работите од точка 1 на овој член да ги врши во траење до пет години.

Член 42

Кон казната за прекршокот од член 39 на овој закон покрај паричната казна, можат да ѝ се изречат на организацијата на здружениот труд или на овластената банка и заштитните мерки:

1) одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот;

2) забрана на вршење кредитни работи со странство во траење од една година.

Член 43

Постапка по прекршоците од овој закон води во прв степен и решенија донесува Сојузниот девизен инспекторат.

По жалба против решението од Сојузниот девизен инспекторат решава Сојузниот секретаријат за финансии.

Член 44

Како одговорно лице, во смисла на овој закон, се сметаат и лицето во организацијата на здружениот труд односно во овластената банка што е овластено за склучување договори за кредитни работи со странство и лицето што е должно да го предупреди органот на управувањето дека договорот за склучена кредитна работа со странство е во спротивност со важечките прописи.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Обврските по задолжувањата во странство, создадени врз основа на сојузните прописи почнувајќи од 28 јули 1966 година до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се извршуваат под условите и на начинот утврден со прописите врз основа на кои и се создадени тие обврски.

Обврските по задолжувањата во странство, создадени до 28 јули 1966 година, за кои во чл. 30 и 31 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66 и 24/71) е пропишано да се намируваат под одредени услови, ќе се намируваат и натаму под условите и на начинот утврден со тие одредби.

По исклучок, ако е предвидено должниците по обврските од ст. 1 и 2 на овој член да купуваат девизи од Народната банка на Југославија или од овластените банки, ќе ги купуваат девизите за тие обврски од денот на влегувањето во сила на овој закон, под условите одредени со Законот за девизно работење и со прописите донесени врз основа на него.

Член 46

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат:

1) Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр 29/66 и 24/71);

2) Одлуката за височината на делот од девизите што работните организации не можат да го ангажираат кога даваат гаранции по странските кредити што ги користат други работни организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66);

3) Одлуката за височината на каматата што Народната банка на Југославија ја плаќа на депонираните девизни средства на овластените банки („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/71)

До донесувањето на соодветни прописи остануваат во сила:

1) Одлуката за користење на девизите што работните организации на определени гранки на сообраќајот ќе ги остварат со продавање основни средства во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66 и 13/67);

2) Одлуката за користење странски кредити заради обезбедување средства за довршување на определени инвестициони објекти („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/67 и 42/68);

3) Одлуката за условите за склучување заеми кај Меѓународната банка за обнова и развој („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/68, 36/70, 2/71 и 52/71);

4) Наредбата за документацијата што се поднесува како доказ за исполнување на условите од точката 7 на Одлуката за условите за склучување заеми кај Меѓународната банка за обнова и развој („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/68);

5) Одлуката за задолжително регистрирање на кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71).

До завршувањето на кредитните работи настанати од следните прописи, остануваат во сила:

1) Одлуката за начинот на користење кредити во странство во 1967 и 1968 година за изградба на објекти наменети за зголемување на прометот на странци („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/67 и 46/68);

2) Одлуката за девизите кои овластените банки не можат да ги ангажираат кога преземаат обврски по странски кредити што се користат за реализација на Програмата за модернизација на Југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/67, 25/68 и 3/70);

3) Одлуката за гаранција на федерацијата по странски кредити за изградба на определени објекти на алуминиумската индустрија („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/68);

4) Одлуката за начинот на користењето на кредитите во странство во 1968, 1969 и 1970 година за изградба на капацитети за производство на нафта, природен гас и цемент („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/68);

5) Одлуката за обврските на овластените банки кога користат определени странски кредити или даваат гаранции за такви кредити за понатамошен развој на црната металургија преку програмата од 3,2 милиони тони суров челик („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/69);

6) Одлуката за гаранција на федерацијата по странски кредит за доградба на Железарницата Скопје („Службен лист на СФРЈ" бр. 11/69);

7) Одлуката за девизите што овластените банки не можат да ги ангажираат кога преземаат обврски по странски кредити што се користат за реализација на програмата за модернизација на превозните капацитети на цивилниот воздушен сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/69 и 41/70);

8) Одлуката за девизите што овластените банки не можат да ги ангажираат кога преземаат обврски по странски кредити што се користат за модернизација на Југословенските железници и за ослободувањето од обврската странските кредити и гаранциите да бидат во рамките на девизните кредитно-гаранциски потенцијали на овластените банки („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/71);

9) Одлуката за износот на девизите што овластените банки не можат да ги ангажираат кога преземаат обврски по странски кредити што се користат за набавка на електронски сметковни системи за Службата на општественото книговодство и за изземање од обврските тие кредити и гаранции да го товарат девизниот кредитно-гаранциски потенцијал на овластените банки („Службен лист на СФРЈ", бр 56/71);

10) Одлуката за девизите што овластените банки во 1972 година не можат да ги ангажираат кога преземаат обврски по странски кредити и за нетоварање на девизниот и кредитно-гаранциски потенцијал на овластените банки со кредити и гаранции за модернизација на воздушната флота („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/72).

Член 47

Овој закон влегува во сила на 1 октомври 1972 година.

360.

Врз основа на точка 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69, 31/69, 30/70, 36/70, 40/70, 56/70, 8/71, 21/71, 24/71, 26/72 и 28/72), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА УВОЗ НА ЖИЧНИЦИ ЗА ТУРИСТИЧКИ ЦЕЛИ

1. На увозот на жичници за лица, кружни, еднојажни и кабински од тар. број 84.22/25 на Царинската тарифа, наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за одредување на пониски царински стапки за увоз на стоките за кои е предвиден царински контингент („Службен лист на СФРЈ" бр. 29/72), ќе се применува царинска стапка од 10%.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-7803/1
26 јуни 1972 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

361.

Врз основа на точка 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69, 31/69, 30/70, 36/70, 40/70, 56/70, 8/71, 21/71, 24/71, 26/72 и 28/72), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА УВОЗ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ, ШТО СЕ ВРШИ ПО ОСНОВ НА ДОГОВОР ЗА ДОЛГОРОЧНА ПРОИЗВОДСТВЕНА КООПЕРАЦИЈА

1. Во Решението за одредување пониски царински стапки за увоз на одредени производи, што се врши по основ на договор за долгорочна производствена кооперација („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/72) во точка 1 пред тар. број 84.61/2 се додаваат два нови тарифни броја, кои гласат:

„73.36/1б Печки на течни горива
Ex.
— Обработен регулатор за воздух 12
— Шаржери 12
— Заштитни видови за маслени печки 12

76.16/2 Други обработени изработки од алуминиум
Ex.
Специјални навртки за кујнска вага 12".

По тар. број 85/19/9а се додава нов тарифен број, кој гласи:

„85.23/7 Изолирани електрични спроводници
Ex.
Електрични гајтани со штекер за ладилници и шпорети 12".

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-1141/1
29 јуни 1972 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

362.

Врз основа на точка 1 од Одлуката за одредување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/72), на предлог од Сојузниот секретаријат за стопанство, а по претходно прибавеното мислење од Стопанската комора на Југославија, сојузниот секретар за надворешна трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1972 ГОДИНА

1. Во Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и девизните контингенти за увоз на стоки во 1972 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/72, 23/72, 27/72, 31/72 и 33/72) во точка 2 одредба под 1 Репродукциони материјали, по редниот број 32 се додава нов реден број 33, кој гласи:

„33 29.01/2б-4 Додецилбензол 3.300 тона".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П бр. 11015
30 јуни 1972 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
Мухамед Хаџиќ, с. р.

363.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЧЕЛИЧЕН ЛИМ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Челични лимови, дебели. Облик и мери — — — — — — — — JUS C.B4.110

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јануари 1973 година.

4. Се става вон сила југословенскиот стандард:

Челични лимови дебели — Димензии и толеранции — — — — JUS C.B4.110 донесен со Решението за југословенските стандарди за челични лимови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/56).

5. Југословенскиот стандард од точка 4 на ова решение престанува да важи на 1 јануари 1973 година.

Бр. 04-2127/1
6 јуни 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за
стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

364.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ХИДРОФОРСКИ САДОВИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Хидрофорски садови. Главни мери и услови на квалитетот — — — JUS M.E2.100

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јануари 1973 година.

4. Се става вон сила југословенскиот стандард:

Хидрофорски садови. Главни мери и услови на квалитетот — — — JUS M.E2.100

донесен со Решението за југословенските стандарди за хидрофорски садови и транспортери со гумена лента („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/69).

5. Југословенскиот стандард од точка 4 на ова решение престанува да важи на 1 јануари 1973 година.

Бр. 69-2122/1
6 јуни 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

365.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛИСТА НА ХЕМИСКОТО ИСПИТУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗО И ЧЕЛИК И НА ЧЕЛИЧНА ЛЕНТА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Методи за испитување на хемискиот состав на железото и челикот:

— Фотометриско одредување на ванадиум — — — — — — — — JUS C.A1.072

— Фотометриско одредување на алуминиум — — — — — — — — JUS C.A1.080

— Гравиметриско одредување на алуминиум со оксин — — — — JUS C.A1.081

— Фотометриско одредување на калај — — — — — — — — JUS C.A1.083

— Волуметриско одредување на магнезиум — — — — — — JUS C.A1..084

— Потенциометриско одредување на арсен — — — — — — — JUS C.A1.085

— Фотометриско одредување на арсен — — — — — — — — JUS C.A1.086

— Фотометриско одредување на антимон со родамин В — — — — JUS C.A1.087

— Фотометриско одредување на бор со карминска киселина — — — JUS C.A1.088

— Фотометриско одредување на бор со метилен модар — — — — JUS C.A1.089

— Волуметриско одредување на азот — — — — — — — — — JUS C.A1.090

Челични поцинкувани ленти за заземјување. Технички услови за изработка и испорака — — — — JUS C.K5.080

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1973 година.

Бр. 04-2128/1
6 јуни 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

366.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА СИЈАЛИЦИ И ПРИБОР

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Грла за флуоресцентни цевки. Грло Fa6. Главни мери — — — — JUS N.E3.840

Подножја за флуоресцентни цевки:

— Подножје Fa6 со еден чеп. Главни мери — — — — — — — JUS N.L4.070

— Гранично мерило „оди" и „не оди" за подножјето Fa6 со еден чеп на готовите цевки. Главни мери — JUS N.L4.071

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1973 година.

Бр. 16-2126/1
6 јуни 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

367.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МАСЛЕНО СЕМЕ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Методи за одредување:

— Маслено семе. Намалување просечните мостри во мостра за анализа — — — — — — — — — JUS E.B8.010

— Маслено семе. Одредување на содржината на нечистотија — — JUS E.B8.011

— Маслено семе. Одредување на водата и на испарливите материи — JUS E.B8.012
— Маслено семе. Одредување на киселоста на маслото — — — — JUS E.B8.013
— Маслено семе. Методи за одредување на количината на суровото масло — — — — — — — — JUS E.B8.014

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1973 година.

Бр. 07-2129/1
6 јуни 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

368.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА БАКАР И БАКАРНИ ЛЕГУРИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Бакар и бакарни легури за гмечење. Цевки за кондензатори и за топлотни изменувачи — — — — JUS C.D5.521

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јануари 1973 година.

Бр. 05-2124/1
6 јуни 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

369.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЛАБОРАТОРИСКИ САДОВИ И ПРИБОР

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Лабораториски садови и прибор:
— Инка за одвојување (одделување) — — — — — — — — JUS B.E4.101
— Инка за докапување — — — JUS B.E4.102
— Ингеста сигурносна цевка, права — — — — — — — — JUS B.E4.104
— Сигурносна цевка со две кугли JUS B.E4.105
— Цевки за апсорпција (хлор-калциум цевка) — — — — — JUS B.E4.106
— Цевки за апсорпција „U" со NB чеп-славина — — — — — — JUS B.E4.107
— Кулиња за апсорпција — — JUS B.E4.110
— Апарат за развивање гасови според Кірр — — — — — — JUS B.E4.111
